**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-10/2
11.06.2020 год
Тетово

# ООУ„Шемшова“ с.Шемшово- Јегуновце

Конечен извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 27-29.01.2020 година |
| **Број на извештај:** | 22/2020 г.Полошки регион |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џелал Беџети |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 6 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Јегуновце |
| **Наставен јазик:** | Макеонски,алнабски |
| **Број на ученици:** | макенонци 195 албанци 275 |
| **Полова структура на ученици:** | 259 м,211ж |
| **Број на наставници:** | 52 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Бурхан Ејупи |
| **Директор на училиштето:** | Селман Алити |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 14-16.11.2016 год. |
| **Адреса на училиштето:** | С.Шемшово општина -Јегуновце |
| **Телефон:** | 044 – 376 - 227 |
| **Факс:** | 044 - 376 - 227 |
| **e-mail:** | ousemsevo@hotmail.com |
| **Оценка ИЕ** | **2,77 - добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 27-29.01,2020 год., тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Шемшова„с.Шемшово,и подрачните училишта во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште,и с.Копанце,

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот,разговорите водени со различните фокус групи,од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место,тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Шемшова„с.Шемшово,и подрачните училишта во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште, и с.Копанце, **е добра 2.77**[1]

Воспитно образовната работа во ООУ „Шемшоваа„с.Шемшова и наведените подрачни училишта се остварува според наставни планови и програми за основното образование. Наставата се реализира на македонски и албански наставен јазик.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.

При избор на изборни предмети се почитува постапката,барањата и интересот на учениците.

Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието.

Слободните ученички активности во училиштето делумно ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план. Има примери за учество и постигнати добри резултати на училишни,во општински, регионални и државни натпревари

Од показателите за постигањата на учениците во двата наставни јазици по учебни години се констатира дека средниот успех во последните учебни години 2016/17 год. на ниво на училиштето е 3,86 во учебна година 2017/18 год.3,75 во учебна 2018/19 година среден успех во ниво на училиште е 3,77 Во првото полугодие од учебната 2019/2020 год е 3.75

Во врска со поведението на учениците од податоците за споредбени анализи е констатирано дека во учебните години 2015/16, 2016/1 и 2017/18 со примерно поведение се оценети сите учениции.Во првото полугодие од учебната 2019/2020 се запишани 470 ученици се оценети со примерно поведение, нема ученици со намалено поведение.

Од показателите за изостаноците на учениците во двата наставни јазици по учебни години се констатира е дека последните учебни години 2016/17 год. на ниво на училиштето се направени 2878 оправдани и 286 неоправдани, во учебна година 2017/18 2022 оправдани ,433 неоравдани, во учебна 2018/19 година 2645 оправдани и 465 неоправдани.

Реализацијата на наставата е добра.Реализацијата на наставата по наставниот предмет физичко и здравствено образование освен во централното училиште во сите подрачни училишта делумно задоволува бидејќи училиштата немаат спортски сали,имаат спортски терени истите делумно се уредени.

Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот и стручната служба.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Најголем број наставници во редовната настава обезбедуваат подршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.

Оперативните планирања за наставен час даваат само општи или некомплетни насоки што се очекува учениците да научат.Кај најголем број наставници,во планирањата се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна,дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности.Во наставниот процес, мал број од наставниците користат разновидни форми и методи кои не секогаш соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење. Голем број наставници главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидалните способности за учење на секој ученик,критичкотомислење,креативноста,преземање наодговорност и решавање проблеми.

Кај најголем број наставници, интеракција наставник-ученик е добра,добра е и интеракцијата ученик-ученик.Примена на ИКТ во наставата делумно задоволува.Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручниот соработник.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одрденини учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.

Оценувањето се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите се запознаени. Поголем број наставници ги вклучуваат учениците во оценувањето.

Еко проектот се реализира континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема.

Училишниот простор и околината на училиштето се безбедни.Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во централното и вво сите подрачни училиштеа е добра.Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди.Училиштето води добра политика и превзема активности за ненасилство.Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија.

Училишниот одбор работи во полн состав,транспарентно за заинтересираните структури во училиштето,со обезбеден кворум за работа и донесување на одлуки. Училишниот одбор има програмата и деловникот за работа.

Соработката на училиштето со локалната заедница е во рамки на законските обврски и тоа во поглед на усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности.

Училишниот одбор,директорот ,имаат сериозен приод кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи.Директорот работи на идентификација на состојбите на кои највеќе им треба подобрување, има идеја за тоа што е најдобро за училиштето,покажува доволно ниво на енергија за отстранување на сите недостатоци секогаш е спремен за соработка се со цел подигнување на квалитетот на наставата.

Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2019/2020 год.Годишната програма за работа е предложена од

страна на училишниот одбор,заведена под бр. 0302-305 од 26.08.2019 год,доставена до основачот општина Јегуновце,истата е донесена согласно член 35 став 5.од Законот за основно образование.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб решение бр.30220160000826

Учебната 2019/2020 год.училиштето има формирано инклузивен тим Решение бр.0302-290/1 од 29.08.2019 год.

Училиштето има Статут за кој е добиен согласност од Министерството за образование и наука-Скопје, бр.0101-1488/1 од 11.11.2019 год.

Училиштето има изготвено самоевалуацијабр.0302-292/1од 21.08.2019 год и Програма за развој бр.0002-542 од 04.12.2016 год

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште ,,Шемшова,,с.Шемшово,општина Јегоновце,и подрачните училишта во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште,и с.Копанце, е јавна восптна образовна установа, згрижува ученици од македонската и албанска етничка зедница.

Дејноста на училиштето, е основно образование со опфат на ученици од 06 до 15 годишна возраст.

Во учебната 2019/2020 год.настава следат 470 ученици од кои 195 со настава на македонски наставен јазик и 275 ученици со настава на албански јазик.

Во централното училиште наставата се изведува на албански наставен јазик,настава вкупно следат 226 ученици распоредени во 13 паралелки,во ПОУ с.Жилче наставата се изведува на македонски наставен јазик,ова учебна година се запишани вкупно 91 ученик распоредени во 7 паралелки,во ПУ с.Ратае,настава на македонски наставен јазик следат 11 ученици распоредени во 2 комбинитрани паралелки,во с.Сиричино,настава седат 24 ученици во две комбинирани паралки,во ПУ с.прелубиште настава на македонски наставен јазик следат 22 ученици,во две комбинирани паралелки,додека на албански наставен јазик следат 6 ученици во 1 комбинирана паралелка.Во ПУ с.Туденце настава на македонски наставен јазик следат 23 ученици во две комбинирани паралелки.

Наставата во центалното училиште во подрачното училиште во с.Жилче,и с.Копанце,се реализира во две смени додека во ПУ с.Ратае,с.Сиричино,с.Туденце и с,Прелубиште се реализира во една смена.

Основното општинско училиште,,Шемшова,,с.Шемшово-Јегуновце,и подрчните училишта во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште, и с.Копанце, е основано во 1946 година со Одлука на Народниот одбор на општина Тетово,со акт бр.06-111777/1 од 10.08.1946 год.

Централното училиште во с.Шемшово со вкупно користен простор од 1200 м² и училишен двор од 4000 м².Во подрачните училишта во с.Ратаје,с.Жилче, с.Сиричино,с.Прелјубиште, с.Туденце и с.Копанце наствата се реализира во училишни објекти кои истотака се реновирани и овозможуваат релативно добри просторни услови за работа.Сите објекти од подрачните училишта се во подобра состојба во однос на сосотојбата на објектот во централното училиште.

Во централно училиште објектот е стара грдаба релативно добро одржан и делумно реновиран,со неопходните простории за изведување на наставата и до него-фискултурната сала која е изградена во поново време . Приклучен е на електрична и водоводна мрежа. Вкупниот простор во кој се реализира наставата, како во основното, така и во подрачните училишта, ги задоволуваат условите според Нормативот за простор.

Последните години во централното и во подрачните училишта е подобрена инфраструктурата.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

ООУ„Шемшова„с.Шемшово и подрачните училиште во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште, и с.Копанце,општина Јегуновце реализира наставни планови и програми донесени од страна на Министерство за образование и наука.Истотака училиштето реализира по одредени предмети (математика,природни науки,хемија ,физика адаптирани наставни програми од меѓународниот центар за наставни програми Кембриџ.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра.Прилагодување во реализација на наставните програми има во подрачните училишта по предметот физичко и задравствено образование,поради необезбедени услови за реализација на наставата во деновите кога истата не може да се реализира во отворените спортски терени.

Наставниците своите глобални тематски и оперативни планирања за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на програмите доставени од Министерство за образование и наука.

Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието, во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција.

Планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“,активности за меѓуетничката интеграција и активности од инклузијата.

Наставниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина единствено преку одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми и др.

Во училиштето постои соработка помеѓу активите од сродните предмети за изготвување на глобалните и тематските и дневните оперативни планирања.Стручните активи во училиштето функционираатза одделенска и за предметна настава.Соработката помеѓу активите е на задоволително ниво а добра е и соработката со сите други органи во училиштето.

Изборните предмети во училиштето се изучуваат според наставниот план по претходно извршено анкетирање.Ученици со посебни образовни потреби (со потребна документација),не се евидентирани.Во училиштето постепено се настојува да се воведат нови форми за реализација на наставата.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Постои соработка помеѓу активите во училиштето за подготвување на глобалните,тематските и оперативниот план на наставниците,со цел за поквалитетно планирање и задоволување на потребите на учениците и барањата на Законот за основно образование.

Учениците со наставни планови и прогрми се запознаваат преку брошури изготвени од училиштето,од класните раководители,од наставниците на соодветните предмети, на почеток на учебната година и во текот на годината.Родителите со квалитетот на наставните планови и програми се запознаваат преку брошурите и претежно преку организирани родителски средби,прекупретставниците на родителите кои се во училишен одбор и преку индивидуални средби со наставниците и класните раководители. Родителите немат можност да влијаат на измени на план програмите на нивните ученици.Училиштето прави напори за подобрување на квалитетот на наставата. Во таа насока видлива е активноста на наставниците за изразување на потребите за континуирана обука преку посета на семинари за стручно оспособување.

Меѓутоа за подготвување и осовременување на содржините во планирањата недоволна е едукативната поддршка на наставниците, односно потребно е почесто да се одржуваат семинари за обука на наставниците со посебен акцент на наставниците кои

реализираат настава со комбинираните паралелки,насочени кон подготвување на поквалитетни наставни содржини по наставните предмети што ги реализираат во текот на воспитно образовниот процес. И покрај евидентираните семинари на кои учествувале наставниците, преовладува мислењето дека потребно е да се организираат семинари за поквалитетно планирање и обука за примена на современи методи и техники во реализацијата на содржините од наставните програми.

Влијанието на наставниците и на родителите во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето планира,но делумно ги реализира планираните вонннаставни активности што служат за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците.Слободни ученички активности,општествено корисна работа,заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето,активности против дрога алкохол и наркоманија , се застапени во содржините на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 год.

Преку овие активности,истакнуваат во училиштето,учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите,полот, способноста, и социјалната припадност и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто.

Во Годишната програма за работа на училиштето за 2019/20 год. се планирани да се реализираат слободниученички активности за одделенска и предметна настава,одредени секои наставници ќе раководат со одредена секција.Преку реализација на овие активности се нуди широка можност за вклучување на ученици од различен пол и со различни способности.Училиштето се судрува со проблеми во врска со реализацијата на вонннаставни активности.Одредени проблеми се од објективна природа, како на пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна, и немањето на соодветни просторни услови за реализација на одредени слободни ученички активности.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети.Постигањата на учениците се следат преку подготвување периодични,полугодишни и годишни извештаи.Во извештаите има показатели за постигањата на учениците за учебна година, по паралелки , по јазици,по пол за централното и за подрачните училишта ,по предмети и по сите периоди на учебната година.Постигањата на учениците се добри.

Од показателите за постигањата на учениците во двата наставни јазици по учебни години се констатира дека средниот успех во последните учебни години 2016/17 год. на ниво на училиштето е 3,86 во учебна година 2017/18 год.3,75 во учебна 2018/19 година среден успех во ниво на училиште е 3,77 Во првото полугодие од учебната 2019/2020 год е 3.75

Во врска со поведението на учениците од податоците за споредбени анализи е констатирано дека во трите учебни години 2015/16, 2016/1 и 2017/18 со примерно поведение се оценети сите учениции.Во првото полугодие од учебната 2018/2019 се запишани 470 ученици се оценети со примерно поведение, нема ученици со намалено поведение.

Од показателите за изостаноците на учениците во двата наставни јазици по учебни години се констатира е дека последните учебни години 2016/17 год. на ниво на училиштето се направени 2878 оправдани и 286 неоправдани, во учебна година 2017/18 2022 оправдани ,433 неоравдани, во учебна 2018/19 година 2645 оправдани и 465 неоправдани.

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето , ученици со посебни потреби со соодветна докумнтација од страна на соодветни лекарски комисии се водаат во училиштето само тројца ученици.Постигањата на овие ученици се следаат од страна од наставници училишниот педагог,.За нивниот напредок не секогаш се преземаат доволно мерки и активности со цел на подобрување на нивните постигања во воспитно образовниот процес.

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по учебни години и од еден во друг циклус но не се превземени доволни активности за надминување на разликите што се појавуваат во таквите ситуации.

Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието.

Годишната програма за меѓуетничката интеграција во 2019/2020 год.има зацртани конкретни активности се формирани следните секции:Ликовно-заедно цртаме,Заедно спортување,еколошки активности.Истотака училиштето со годишната програма предвидела и посета на верски објекти.Во годишните планирања наставниците имаат вметнато содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Опфатот на учениците е спорд утврдената реонизација, што значи се опфатени сите ученици обврзници кои припаѓат на реонот на училиштето од с.Шемшово и подрачните училиште во с.Ратае,с.Жилче,с.Сиричино,с.Туденце,с.Прелубиште, и с.Копанце..Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. Се следи осипувањето на учениците во училиштето, за кое стручната служба има податоци и според нивна анализа, тоа се должи поради промена на местото на живеење со одењето на родителите во странство на привремена работа .

Училиштето прибира податоци за одсуства на ученици (бројот на неоправдани и оправдани изостаноци),активностите што ги превзема за намалување на бројот на изостаноци се засновани на анализи и значително придонесуваат за зголемување на редовноста.

Во педагошката евиденција уредно се евидентирани ова категорија на ученици. Сите ученици кои се запишани ја завршуват наставната година.Училиштето води грижа и за своите ученици кои се запишуваат во средното задолжително образование.

Во последните години сите ученици кои го завршуваат основното образование се запишуваат во задолжителното средно образование.

За учениците кои се нередовни и имаат повеќе слаби оценки стручниот соработник организира советувања на родителите и истите покажуваат големи ефекти во редовноста на учениците и зголемување и подобрување на успехот.

## 2.3. Повторување на учениците

Според статистиките податоци односно Годишните извештаи за работата на училиштето нема ученици кои ја повториле годината.Училиштето има утврдени процедури,се превземаат активности од самиот почеток на учебната година, преку дополнителната настава, и други активности со цел на подобри постигања на учениците.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците (глобалните,тематско процесните и оперативни планирања за наставен час)се добри.На почетокот на учебната 2019/2020 година, сите наставници изготвиле и доставиле, годишни, глобални и тематски планирања.Поголемиот дел од планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирања за оперативен час на наставниците се добри ,(посетените наставни часови), поголем дел на наставниците (одделенска настава и предметна настава) во планирањата јасно ги дефинираат целите на наставата ,очекуваните резултати од учењето,начинот на оценувањето,информациите од оценувањето се користат за да ги идентификуваат потребите на учениците со цел на планирање на следни чекори за постигнување на подобри резултати во наставата. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна,додатна настава и други активности),имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира во одделенските дневници.Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето.Раководниот тим на училиштето ги следи и има утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците .При изготвувањето и изработка на планирањата, наставниците разменувале искуства преку работата на стручните активи.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности .Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Поголем дел на наставниците во одделенските дневници ги евидентирата дополнителната и додатната настава и другите активности. Овој вид на настава и другите активности се реализираат со потешкотии поради преотовареност на наставниот план и програма.

Добра е поддршката што училиштето им ја дава на наставниците во однос на новините во образованието (МИО, ЕКО, Кембриџ програма, инклузивност итн.)

## 3.2. Наставен процес

Во ООУ„Шемшово”, с.Шемшово, наставата се изведува на албански наставен јазик. Во подрачните училишта во селата:.Жилче,Ратае,Сиричино,Копанце,Туденце наставата се изведува на македонски наставен јазик а во с. Прељубиште наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Редовната настава се реализира според наставниот план. Во училиштето се изучуваат и изборни предмети согласно Наставниот план. Од посетените часови се констатира дека поголем број на наставниците користат разновидни наставни методи и техники (работа во групи, предавања, индивидуална работа, практични активности, наставни ливчиња , самооценување). Мал дел од наставниците реализираат традиционална т.е. класична настава. Наставата по математика, природни науки, хемија и физика се реализира според целите, ресурсите и насоките на Кембриџ програмата При реализација на наставата по сите наставни предмети наставниците планираат ИКТ и истата се реализира согласно планираното. . Наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во спортска сала подрачните училишта се одвива на надворешни спорски терени.

Училиштето располга со определен број на наставни средства и помагала и наставниците истите ги користат за реализација на наставата. Во училиштето се користат одобрени учебници и дополнителна прирачна литература.

Наставниот процес од страна на директорот и стручнот соработник се следи во континуитет и сите наставници се посетени на час .Интеракцијата во наставата е добра. Наставниците работат со учениците индивидуално во група или со цела паралелка методите и формите кои ги користат во поголемиот дел се соодветно избрани Поголемиот дел од наставниците посетиле обука со цел, примена на ИКТ во наставата. Училиштето има изготвено Програма за интеграција на еколошкото образование во образовниот систем.Во програмата се планирани активности според еко стандардите. Во годишната програма на училиштето се планирани еколошки содржини од еколошката програма .Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра

## 3.3. Искуство на учениците од учењето

Средината за учење во централното училиште и во подрачните училишта е добра. Учениците сметаат дека во училиштето има добра работна атмосфера .. Трудовите на учениците се изложуваат се внимава на видливоста и пристапоста на местото каде се изложени Учениците сметаат дека понекогаш се учи на интересен начин и но дека не секогаш е поврзано со практиката односно секојдневието.

Поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат,да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека, дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење и преземаат одговорност. Мал број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците во училиштете е добра. Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручниот соработник како и останатите наставници, не секогаш се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби.Во училиштето ги нема сите структури на педагошка служба кои се вклучени во наставно образовниот процес.

Поголем делј на наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и предавање и организираат додатна и дополнителна настава. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека учествуваат во вонаставни активности и секции што ги организира училиштето. Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците,

Училиштето нема систем за идентификување наталентирани и надарените ученици.Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, не се работи континуирано во текот на цела година

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето во ООУ„Шемшово“с.Шемшово и подрачните училишта е добра. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до девето одделение.

Учениците се запознаени со критериумите за оценување, а исто така се запоанаени и родителите. Дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и се врши континуирано оценување,редовно се прибираат информации за постигањето на учениците. Наставниците понекогаш со учениците го дискутираат нивниот напредок и постигањата, но не секогаш им даваат повратна информација. Не секогаш повратната информација ги содржи деталите за постигањата и за следните активности што треба да се преземат.

Помал дел од наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Стручнот соработник организира работилници како да се учи подобро,работилници во врска со домашните задачи и советувања на родителите чии деца покажуваат послаби резултати во учењето и поголем број на изостаноци.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Известувањето за напредокот на учениците е добра. Од анкетата спроведена меѓу родителите најголемиот број од нив истакнаа дека наставниот кадар односно одделенскиот раководител редовно им ги кажува добрите страни за нивното дете и каде треба да се подобри. Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца се прави преку родителски средби и на индивидуални средби. Најголем број од родителите истакнаа дека родителските средби се добро организирани и за време на нив се добиваат корисни информации.

Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивните деца,но не се потикнати да го прават тоа.

Родителите добиваат пишани извештаи со оценки на евидентните листови. Од родителите се бара да дадат повратна информација по извештајот.

.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Просториите во ООУ„Шемшово”, с.Шемшово, кој е наменет за реализација на воспитно образовниот процес во централното и подрачните училишта во селата:.Жилче,Ратае,Сиричино,Копанце,Туденце и Прељубиште е безбеден за изведување на наствата.Инфраструктурата во училиштето ,мебел,поови ,прозори,струјни елементи.дворот и др.се безбедни и не преставуваат опасност од повреди во училиштето освен во подрачното училиште во с. Сиричино каде во една училница има проблем со протекување на вода од кровот. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата и надвор од неа. Во случај на елементарни непогоди училиштето има интерен акт за постапување и има изведено симулации, има истакнати соопштенија и предупредувања на видни места. Училишните објекти како и сите ученици и вработените се осигурани и имаат осигурителни полиси и училиштето има склучено договор за осигурување со АД “Осигурителна полиса”. Во училиштето нема обучен кадар со вештини за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи. Во училишните објекти постојат дежурства од страна на наставниот кадар.

Училиштето има кодекс на однесување на учениците и возрасните и е истакнат на соодветни места.. Во училиштето е забранет секаков вод на психичко и физичко малтретирање на учениците или било каков вид на нетрпение.Во училишните објекти е забрането пушење и има поставено знаци за предупредување на соодветни места и забраната насекаде се почитува.Класните раководители имаат изготвен план со содржини за взаемно почитување на и рамноправност на половите како и план за штетното влијание на наркотични супстанции како што се пушење ,алкохолизам ,наркоманија и истите се забранети за внесување и употреба во училиштето.

Училиштето нема училишна кујна и организирана исхрана на учениците. Учениците храната ја обезбедуваат од дома и од продавници од непосредната околина, при што училиштето нема пропишани процедури за увид во квалитетот на храната што им се нуди од околните продавници..

Во училиштето се идентификувани три ученици со посебни образовни потреби кои се инклузирани во наставата . Грижата за учениците со емоционални и други здравствени проблеми се организира од страна на педагогот на училиштето во соработка со наставниот и останатиот персонал кои преземаат мерки за решавање на конкретни проблеми кај поедини ученици. Овие појави се многу ретки. Во училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии Училиштето има формирано инклузивен тим..Во училиштето има 7 ПП апарати сервисирани на 19.08.2019 год.Хидранити во училиштето нема.

Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства и има случаеви кога за нив се потребни дополнителнивложувања во наставата и вон наставните активности и за нив се обезбедува финансиска подршка од месното население како доброволни донации.

## 4.2. Здравје

Хигиената во училишнте објекти како и другите надворешни површини задоволува како во централното така и во подрачните училишта. Санитарните простории се доволно чисти ходниците, скалите се чистат неколку пати во денот, додека училниците се чистат еднаш во денот. Училишниот двор во централното и во подрачните училишта се уредени и чисти од секаков вид на отпадоци. Во училишниот двор во централното и во подрачните училишта има корпи за отпадоци. На почетокот на учебната година извршена е дезинфекција и дератизација на училишниот простор .Училиштето постапува по

препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржување на хигиената во училитето и заштита од санитарни болести.

Училиштето има програма за заштита од заразни болести и има договорени процедури за грижа на учениците кои подолго време отсуствуваат од наставата. Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи на учениците а за вработените во ПЗУ Поликлиника “ГОСПАШ “од Скопје на 23.11.2018 година.Во училиштето се организираат предавања за заштита од заразни болести и друг вид на заболувања.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето преку стручниот соработник-педагогот и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална орјентазија ,односно нивното понатамошно образование. Исто така во училиштето за учениците од девето одделение се организирани трибини, посети од страна на средни училишта во регионот.Педагогот во училиштето дава подршка на учениците во социјалната .когнитивната и емотивната сфера.Со учениците се работи советувачки и советодавно

### 4.4. Следење на напредокот

Одделенските наставници и предметни наставници водат уредна евиденција за постигнувањата , односно успехот, редовноста и поведението на секој ученик посебно и за паралелката како целина. Наставниот кадар уредно води евиденција во дневникот на паралелката и во електронска форма.Оделенските раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во дневникот на паралелката.е-дневникот.евидентните листови и главните книги.Постои добра соработка помеѓу одделнскиот раководители,стручниот соработник и директорот на училиштето.Во поголем број на случаи интересот на родителите за постигањата на учениците е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни ,полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците.Извештаите се достапни за увид на стручните соработници,директорот на училиштето ,наставниот кадар ,родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Училишната клима и односите во училиштето е добра. Односот меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол ,од различно потекло,различен социјален статус.Односот меѓу наставниците и учениците или поточно релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник- родител, родител-наставник, и наставник -наставник се почитуваат иако во инцидентни случаи се забележува отстапување од ваквото однесување.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат,има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонанаставните активности.Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се активно вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со учениците од истото училиште и со учениците од ООУ” Александар Здравкоски” с.Јегуновце.

Училиштето има формирано ученички парламент ,но тој малку придонесува за решавање на проблемите и донесување на одлуки што се од непосреден интерес за учениците.Училиштето е отворено за соработка со локалната власт, со родителите кои често го посетуваат училиштето.Во училиштето постои соработка меѓу вработените ,учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува внимание.На наставнички ,одделенски совет,стручни активи,родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за освоени награди).На крајот на учебната година во училиштето не се промовира ученик на годината.

Училиштето има политика на поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари како и нивно наградување со пофалници за постигнатите резултати.

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди се поставени на видно место во училиштето со цел сите да бидат запознаети.

Училиштето презема активности за информирање и вклучување на пошироката заедница на реализација на еколошката програма.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да препознаваат случаи на нивно нарушување. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес .Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.

Училиштето има еднаков третман кон сите ученици. Во училиштето во разни активности се вклучуваат сите ученици. Училиштето не прави разлики по ученици и по оделенија , по социјална припадност туку сите заедно еднакви се чувствуваат во сите активности што ги организира училиштето.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата ,без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра.Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку Училишниот одбор.Има примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции и работилници.

Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби.Родителите преку класните раководители, класните совети, индивидуалните средби,е-дневник, и сл. редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците , успехот за нивните деца и сл.Училиштето има соработка со локалната заедница, преку нивните претставници (во Училишниот одбор има еден член од локалната заедница ) кои ги пренесуват ставовите на училиштето до локална заедница и обратно.

Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Дејноста на училиштето се реализира во централното училиште во с.Шемшово со вкупно користен простор од 1200 м² и училишен двор од 4000 м².Во подрачните училишта во с.Ратаје,с.Жилче, с.Сиричино,с.Прелјубиште, с.Туденце и с.Копанце наставата се реализира во училишни објекти кои истотака се реновирани и овозможуваат релативно добри просторни услови за работа.Сите објекти од подрачните училишта се во подобра состојба во однос на сосотојбата на објектот во централното училиште.

Во централно училиште објектот е стара грдаба релативно добро одржан и делумно реновиран,со неопходните простории за изведување на наставата и до него-фискултурната сала која е изградена во поново време . Приклучен е на електрична и водоводна мрежа. Вкупниот простор во кој се реализира наставата, како во основното, така и во подрачните училишта, ги задоволуваат условите според Нормативот за простор.

Училиштето во с.Шемшово располага со 10 училници, еден кабинет по информатика, канцеларии: за наставниците, за директорот, за педагогот, за секретарот и благајничката, санитарни јазли како и простории - наменети за училишната.Наведените капацитети се користат во две наставни смени. Во дворот на централното училиште има асфалтирани спортски терен за фудбал, ракомет,одбојка и кошарка каде се реализира наставата по физичко и здравствено образование и нова изградена фискултурна сала.

Во с.Жилче наставта се реализира во училишен објект со вкупно користен простор од 400м², ( 5 училници,1 кабинет по информатика, канцеларија за наставници и ВЦ простори) и училишен двор од 500м².

Училишниот објект во с.Ратаје има површина од 240м² и училишен двор од вкупно 2000м².

Во с.Сиричино,има училишна зграда со вкупно 215 м² и со 2100 м² училишен двор

Подрачното училиште с.Копанце, работи во училишна зграда со вкупно 280 м² и со училишен двор од 2000м² .За посебно одбележување е фактот што,ентериер на зградата(ходници,училници и тоалети )генерално се реновирани со поставување и на систем на централно греење,се- со самопридонеси на донатори од селото Копаница.

Во с.Туденце објектор има вкупно 215 м² и 2000 м² училишен двор.

Подрачното училиште с.Прелјубиште вкупно 125 м² и 2500 м² училишен двор.Училишната зграда е реновирана со поранешни донации од проектор на Нансен диалог Центер.

Како во централното така и во ПОУ,постои добра рационална искористеност на просторните капацитети.

Хигиената во училиштата е добра.Сместувањето и просторните капацитети се добри

## 6.2. Наставни средства и материјали

Наставните,нагледни средства и спортски реквизити со кои располага училиштето,задоволуваат.

Училиштето е опремено со ИКТ од проектот на Владата на РМ „Компјутер за секое дете“која веќе е во процес на амортизација. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства но,секоја година планот за набавка на наставните средства останува неисполнет,поради лимитирани финансиски можности на училиштето и на основачот на училиштето.

За секоја година училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал. Набавката делумно ги задоволува потребите на училиштето поради лимитирани финансиски можности на училиштето и на основачот на училиштето.

Библиотека која се наоѓа во централното училиште,располага со фонд од околу 400 примероци од различен жанр (енциклопедии, лектирни изданија, стручна литература и др.). Истата е сместена во една просторија во централното училиште . Во училиштето нема вработен библиотекар туку задолжени се наставниците по албански јазик. Не се води евиденција на книжниот фонд во електронска форма. Работното време во библиотеката е прилагодено на потребите на учениците од двете смени но, и на распоредот на часовите на наставниците-одговорни за библиотеката.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Секоја учебна година училиштето дел од наставниот кадар го обезбедува преку јавен оглас,во согласност со Законот за основно образование и Нормативот за наставен кадар. Воспитно – образовниот процес во училиштето го реализираат 51 наставници од кои тројца се приправници. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација.

Вработените го почитуваат работното време. Остварувањето на работните должности на наставниците и другите работници се следи од страна на директорот и стручната служба.

### 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Развојните потреби на наставниот кадар редовно ги следи стручниот соработник-педагогот на училиштето. Посетата на часови од страна на директорот и стручните соработници, како и увид во планирањата се врши по одредено планирање и динамика.

Стручната подршка на директорот и стручниот соработник што го добиваат наставниците низ нивната работа,повеќе е од административен карактер отколку за професионален развој. Потребно е да се развиваат механизми за поддршка на професионалниот и кариерниот развој на наставниот кадар.

Работата на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување се следи од страна на стручната служба. Потребно е да се идентификуваат реалните потреби на наставниците за нивниот професионбален развој со определување на приоритетите за нивниот стручен развој. Потребно е повеќе од досега да се обезбедува стручна подршка во планирањата и реализацијата на работата на наставниците во тие паралелки каде има инклузија на ученици со попсебни образовни потреби.

Обуките на наставниците уредно се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручните соработници. Работата на наставниците-приправници треба по сериозно да се следи од страна на определените ментори.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Училишниот одбор за секоја календарска година донесува финансов план и усвојува Годишен извештај за финансиското работење на училиштето .

Училиштето редовно ги добива финансискте средства од буџетот на РМ и истите наменски ги троши.

Училишниот одбор уредно го следи финансиското работење на училиштето . Годишните сметки на училиштето се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Постои транспарентност во планирањето и трошењето на средствата.

За трошењето на финансиските средства од буџетот на училиштето редовно се информираат и вработените во училиштето, родителите и локалната заедница

# *7.*Управувањеи раководење со училиштето

## 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишен одбор е составен од 7 члена-сите уредно делегирани и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Работи според деловник за работа и програма за работа . Состаноците на УО се одржуваат редовно , со однапред утврден ред и доставени материјали за седница.

Во својата работа УО применува начело на транспарентност, редовно ги запознава другите субјекти, вклучени во образовниот процес во училиштето и пошироката средина .

Координацијата и соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето,е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот.

Работата на училиштето го организира, следи и координира директорот кој,како работоводен орган има воспоставен професионален однос кон работата и поседува долгогодишно работно искуство и професионални квлитети врз основа на кои постигнува објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето раководење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручниот работник и на одговорниот за ПОУ во с.Жилче.Приоритети за директорот се постигањата на учениците и подобрувањето на условите за работа како за централното така и за сите подрачни училишта.

Од вработените,родителите на учениците и пошироката заедница,директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика. Соработка на директорот со стручниот соработник , административниот кадар и учениците е добра.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика.Основната цел на образовната политика и на севкупното работење на училиштето и понатаму е подобрување на квалитетот на наставата,поголеми постигања на учениците , создавање на соодветна инфрастуктура на училиштето,обезбедување со наставно нагледни стрества и др.

Во Програмата за развој на училиштето ,јасно се определени целите на образовната политика на училиштето.

Училиштето се залага постојана во правец да ги мобилизира наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на поставените цели во Програмата за развој на училиштето .

Родителите и учениците се запознати со целите но,видана е потребата тие по активно да се вклучат во креирањето на образовната политика на училиштето.

## 7.3 Развојно планирање

Во развојното планирање на училиштето,мисијата, визијата и вредностите на училиштето јасно се отсликиуваат. Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност.

Во училиштето има програма со која се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници но потребно е да се обезбедат финансиски средства, соодветно на потребите за стручно усовршување на сите вработени.

Средствата за материјално –техничките потреби уредно се планираат од страна на училиштето но, планираното потешко се реализира,поради ограничените финансиски можноисти.

Развојното планирање е добра.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Во Годишните планирања наставниците имаат планирано содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети;
- Училиштето има утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците (глобалните тематски и оперативните планирања за наставен час,наставниот процес недоволно се следи од страна на директорот и стручните соработници;
- Наставниците добиваат добра подршка од стручнатата служба во однос на планирањето и реализација на наставата;
- Училиштетето изготвува извештаи за постигањата на учениците и презема мерки за подобрување на постигањата;
- Оптимално користење на просторните капацитети на училиштето од сите вработени;
- Учениците навремено се информираат за својот напредок;
- Добро партнерство со родители и локалната заедница.

### Слаби страни

- Недовоно едукација на наставниот кадар со комбинирани паралелки и ученици кои потешко напредуваат во учењето;
- Недоволна опременост со наставни нагледни средства, неснабденост со потребните учебници, како и немање на доволен број на лектири и помошна литература во училишната библиотека;
- Недосток на материјални стресва за реално планирање за реализација на планирани активности;
- Не е воспоставен систем на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;

### Препораки

- Училиштето во соработка со надлежните советници при Биро за развој на образованието,да организираат обуки со цел на едуцирање на наставниот кадар кои работат со комбинирани паралелки ;
- Училиштето да изготви програма со цел на опременост со наставни нагледни средства,на доволен број на лектири изданија и помошна литература во училишната библиотека;
- Училиштето во соработка со основачот да обезбеди поголеми финансиски стресва за реализација на планирани активности;;
- Училиштето да изготви програма за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;

Џелал Беџети – Раководител на инспекцискиот тим
Државен просветен инспектор ______________

Јашар Касами член на тимот:
- Државен просветен инспектор __________________

Климентина Трпчевска член на тимот:
- Државен просветен инспектор _________________